МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# *ХИГИЕНА*

**I година**

## *УГОСТИТЕЛСКО ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

### *хотелско - туристички техничар*

**Скопје, 2005 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ***хигиена***

**1.2. Образовен профил и струка на која припаѓа наставниот предмет**
**1.2.1. Образовен профил:** хотелско-туристички техничар
**1.2.2. Струка:** угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1.** Предмет карактеристичен за струката

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
**1.4.1**. Прва година

**1. 5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1.** Број на часови неделно : 2 часа
**1.5.2.** Број на часови годишно: 72 часа

**1. 6. Статус на наставниот предмет**
**1.6.1**. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Наставниот предмет хигиена ќе овозможи ученикот да стекне знаења, умеења и навики за одржување на личната хигиена, за заразните болести и нивното спречување, за хигиената на прехранбените продукти и можностите на труење од храна, потоа за хигиената на околината, прописите за здравствената контрола и пружањето на прва помош при повреди на работното место.

Посебните цели на предметот хигиена произлегуваат од општата цел, а се однесуваат на неговиот придонес за развој на стручната оспособеност и личниот развој на ученикот, а тоа се:

- да стекне знаења воопшто за хигиената како научна дисциплина, за нејзиното посебно значење за вршењето на дејноста во угостителството, туризмот и хотелиерството, поконкретно за извршувањето на работните задачи во готварството, послужувањето и хотелско-агенциското работење;
- да ги сфати причинителите на заразните заболувања, нивното ширење, совладување и спречување;
- да ги применува начините и средствата за заштита од труење од храна и да ги спречи болестите кои настануваат како резултат на овие труења;
- да се оспособи благовремено да реагира на евентуалните заболувања поради неисполнување на хигиенските услови;
- да умее да пружат прва помош при повреди на работа и воопшто во животот;
- да ги знае санитетските прописи и истите да ги применува во практиката односно во угостителското и туристичкото работење;
- да знае и умее да ја одржува хигиената на прехранбените продукти и воопшто да помогне во еколошката заштита на животната средина;
- да се формира правилен однос и одговорност за потребата од хигенска заштита и да стекне правилни позитивни хигиенски навики;
- да се оспособи за самообразование посебно од аспект на дополнување на знаењата и умеењата од подрачјето на хигиенската заштита.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од хигиена, поточно за постигнување на зацртаните цели потребно е учениците да имаат стекнато општи знаења и умеења од природната група предмети: од областа на

биологијата, посебно од микробиологијата, ботаниката и анатомијата заради сфаќање на содржините за хигиената на прехранбените продукти, заразните болести и труењата од храна; потоа од хемијата заради познавањето на хемиските средства што се применуваат во хигиенската заштита, како и од подрачјето на физиката заради користењето на температурата и одредени средства потребни за хигиената на околината.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ХИГИЕНАТА КАКО НАУКА, ЗНАЧЕЊЕ И ПОДЕЛБА** | **4** | - Ученикот да дознае дека хигиената е наука за чување и унапредување на здравјето на човекот;<br>- да сфати дека здравјето зависи од наследните и социјалните фактори;<br>- да сфати дека хигиената има посебно значење за угостителството и туристичкото работење. | - Го објаснува и истакнува значењето на хигиената за здравјето на човекот;<br>- ја образлага поделбата на хигиената како наука,<br>- посебно се задржува на хигиената во угостителството и туризмот и го објаснува нејзиното значење во овие дејности. | - Предзнаењата на учениците од основното образование од областа на биологијата - со содржините за организација на организмот кај човекот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ЛИЧНА ХИГИЕНА** | **10** | - Да стекне општи поими за личната хигиена;<br>- да стекне знаења и умеења за одржување на чистотата на човековото тело, преку редовното капење и миење);<br>- да знае како се негува косата, лицето, рацете, ноктите, нозете и половите органи;<br>- да стекне знаења и умеења за одржување на хигиената на облеката и обувките;<br>- да го сфати значењето на работа и рекреацијата;<br>- да ја дознае штетноста на алкохолизмот, наркоманијата и никотинизмот за човековото здравје и однесување. | - Го објаснува поимот за личната хигиена и го исполнува нејзиното значење за здравјето на човекот;<br>- ги објаснува и демонстрира постапките за одржување на личната хигиена;<br>- го истакнува значењето на работата и рекреацијата за менталното здравје на човекот;<br>- поопширно преку популарни предавања го објаснува штетното влијание врз здравјето на човекот кај алкохолизмот и наркоманијата.<br><u>Користи:</u> при обработката на содржините за одржување на личната хигиена | - Се поврзуваат содржините од биологија за анатомијата на човековото тело;<br>- со предзнаењата на учениците од хемијата посебно при објаснување на хемиските својства на средствата за заштита. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | демонстрира хемиски средства, а за алкохолизмот и наркоманијата прикажува слики, филмови и дијафилмови.<br><u>Вежби:</u> хигиена на човековото тело. | |
| **3. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ - ПРИЧИНИТЕЛИ, ШИРЕЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ** | **10** | - Ученикот да стекне знаења за причинителите на заразните болести и нивното ширење;<br>- да знае дека спречувањето на заразните болести се спроведува преку зајакнување на имунитетот и вршење на вакцинација;<br>- да стекне основни знаења за цревните болести (црвен тифус, паратифус, дизентерија, колера, амебна дизентерија, потоа за цревните паразитни болести (детската глиста, кончестото црвче, трихината, тениите; | - Со помош на усно излагање ги објаснува причините за настанување на заразните болести, посебно се задржува на нивното ширење;<br>- укажува на можностите за спречување и совладување на заразните болести;<br>- ја објаснува етиологијата и феноменологијата на одделните заразни болести;<br>- укажува на можностите на заболување од овие болести во угостителската дејност. | - Предзнаењата на учениците за личната хигиена (тематска целина бр. 2 од хигиена). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да стекне знаење за паразитите на кожата и за нивното спречување;<br>- да стекне знаења за етиологијата и спречу-вањето на флигеовите болести (туберколозата, беснило, зоонози и сл.), како и половите болести (трипер, сифилис, сида). | Користи: слики и дијафилмови на заболени лица од заразни болести, цртежи за изгледот на одделните паразити, микроскоп, готови препарати, изготвува преглед - скица на видовите на заразни болести. | |
| **4. ТРУЕЊЕ СО ХРАНА - НАСТАНУВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ** | **8** | - Ученикот да стекне знаења за тоа како настануваат труењата од храна;<br>- да прави разлика помеѓу труења по хемиски пат, за разни труења и ботулизмот;<br>- да стекне знаења за дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата за физикалните и хемиските средства потребни за нивно вршење и примена;<br>- да стекне практични умеења за нивното | - Го објаснува наста-нувањето на труења-та со храна и ги опи-шува нивните карак-теристики;<br>- поопширно ја објас-нува и демонстрира постапката за дезин-фекција, дезинсекци-ја и дератизација и нивната примена во угостителските објекти:<br>- Користи: хемиски средства за чистење, перење, дезинфек-ција, дезинсекција и дератизација.<br>Вежби: изведување | - Поврзување со предзнаењата на учениците од основното образование од предметот хемија со содржините: Сапуни и детергенти, Хемијата и здравјето, Хемијата и загадувањето на средината, Хемијата и производството на храна. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | реализирање. | на практични вежби од дезинфекција, дезинсекција и дератизација. | |
| **5. ХИГИЕНА НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ, ПРОСТОРИИТЕ, АПАРАТИТЕ И ПРИБОРОТ** | **10** | - Ученикот да стекне основни знаења за прехранбените продукти, да го сфати нивното значење за животот на човекот и да се формира правилен став кон нивното хигиенско одржување;<br>- да сфати и што е храна, а што исхрана и да прави разлика помеѓу нив;<br>- да дознае кои се заштитните и енергетските состојки на храната;<br>- да стекне основни поими за ракувањето и приготвувањето на храната;<br>- да сфати како преку овошјето и зеленчукот, млекото и млечните производи, месото и месните производи | - Укажува на значењето на прехранбените продукти за здравјето на човекот;<br>- ги потенцира заштитните и енергетските состојки на храната;<br>- укажува како се ракува со храната при нејзината хигиенска заштита;<br>- ја нагласува можноста дека преку овошјето и зеленчукот, млекото и млечните производи, месото и месните производи може да се пренесува и шири зараза;<br>- поопширно ги објаснува начините на одржување на | - Предзнаењата на учениците од биологијата поврзано со содржините од прехранбените продукти;<br>- поврзување со содржините од претходната тематска целина (бр. 4 од овој наставен предмет "Труење со храна"). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | може да се пренесува зараза;<br>- да стекне знаење и умеење за начините на одржување на хигиената на апаратите и приборот што се користи во угостителството, како и на кујнскиот простор, просторот за послужување храна и пијалак и просторот за сместување на храната. | хигиената на апаратите и приборот, како и просторот на угостителските објекти;<br>- ги потенцира и воспитните аспекти при одржувањето на хигиената во угостителството.<br><u>Користи:</u> прибор, апарати и други средства и материјали што се користат во угостителските објекти.<br><u>Вежби</u>: одржување на хигиената кај прехранбените продукти, простори, апарати и прибор. | |
| **6. ХИГИЕНА НА ОКОЛИНАТА - ЕКОЛОШКО ЗНАЧЕЊЕ** | **14** | - Ученикот да го сфати општото еколошко значење на хигиената на околината и да формира правилен став кон нејзиното одржување; | - Го објаснува и истакнува еколошкото значење на одржувањето на хигиената на околината;<br>- укажува на | - Знаењата и умеењата на учениците од областа на биологијата, хемијата и физиката - стекнати во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да стекне знаења за водата и водоснабдувањето и го сфати нивното огромно значење за животот на човекот;<br>- да стекне основни знаења за начините на пречистување на водата, нејзината дезинфекција и сл.;<br>- да ги разбере последиците од загадувањето на водата и воздухот;<br>- да стекне основни знаења за почвите и земјиштата и да сфати начините на отстранување на отпадните материи (течни и цврсти);<br>-да стекне знаења и умеења за одржувањето на хигиената во работните простори и просториите за сместување;<br>- да се формулира | начините за пречистување на водата, посебно на нејзината дезинфекција;<br>- ги потенцира и последиците од загадувањето на водата и поттикнува критичен став кај ученикот кон потенцијалните загадувачи;<br>- го оспособува ученикот да ракува со алатите при одржување на хигиената во угостителско-туристичките објекти и посебно во просториите во училиштето.<br><u>Користи</u>: прибор, алат и материјал за одржување на хигиената во околината.<br><u>Вежби:</u> одржување на хигиената во | основното образование. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | правилен став за потребата од постојана грижа за хигиената во работните простории, санитарните простории, просториите околу угостителските објекти. | училишните простории. | |
| **7. САНИТАРНИ ПРОПИСИ** | **4** | - Ученикот да ја сфати потребата и значењето на санитарните прописи за одржување на хигиената во угостителството;<br>- да стекне основни знаења за законите на санитарната инспекција, за исправноста на прехранбените продукти и за заштитата на населението од заразни болести;<br>- да се формира правилен став кон нив. | - Го објаснува поимот санитарни прописи и укажува на нивното значење за вршење на угостителко-туристичката дејност;<br>- ги истакнува најосновните поглавја од законите поврзани со оваа дејност;<br>- формира правилен став кај учениците за почитување  на овие прописи. | - Содржините од основното образование поврзани со граѓанското образование;<br>- користење на предзнаењата на учениците стекнати од темата: "Хигиена на околината". |
| **8. ПРВА ПОМОШ - ЗНАЧЕЊЕ, ПОВРЕДИ И УКАЖУВАЊЕ ПОМОШ** | **12** | - Ученикот да го сфати значењето на првата помош за безбедноста на човекот, посебно за неговото психофизичко | - Го истакнува значењето на пружањето на прва помош и укажува на хуманите аспекти; | - Тематското подрачје "Санитарни прописи" (бр. 7 од оваа програма). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | здравје;<br>- да стекне основни знаења за повредите при работата (рани, скршеници на коски, шинување и крвавења) за нивното настанување;<br>- да стекне знаења и основни умеења за укажување на прва помош при крвавење, скршеници, изгореници, несвестици, смрзнување, труења, удар од електрична струја; топлотен удар и сл.;<br>- да се формира позитивен став за потребата од пружање прва помош кон секого и, по можност, во секоја прилика. | - го објаснува наста-нувањето на повредите и нивните појавни карактеристики;<br>- практично ги де-монстрира постапки-те за пружање на прва помош кај одделни повреди;<br>- формира критичен однос кај ученикот кон оние кои избегнуваат да пружат прва помош.<br>Користи: материјали за прва помош, слики, цртежи за начините на преврска на рани, санитетски филмови, дијафилмови.<br>Вежби: укажување на прва помош при различни видови на повреди. | |

### 4.2. Наставни  методи и активности на учење

Основни наставни форми што можат да се користат во наставата по хигиена како заедничкостручен предмет се фронталната работа со сите ученици од паралелката, потоа работа во групи, парови, и индивидуална работа. Во наставниот процес најчесто овие наставни форми  се користат комбинирано во зависност од поставените конкретни образовни цели и карактерот на наставните содржини.

Поаѓајќи од фактот што предметот хигиена има претежно теоретскостручен карактер, при реализацијата на наставниот процес можат да се користат различни методски постапки, односно методи, поточно сите оние кои се засновани на набљудување,  на пример методот на покажување, потоа разни методи  базирани на живиот збор како што се монолошките (опис, раскажување, објаснување),  дијалошките популарни предавања, дискусии, работа со пишан материјал, се разбира и оние методи што претставуваат непосредна практична активност на учениците (практична работа, лабораториски вежби и сл.). Наставните методи  се применуваат во најразлични комбинации со што ќе се обезбеди полесно стекнување на нови знаења, умеења и навики кај ученикот, поуспешно утврдување и поврзување на содржините.

Успешната примената на наставните методи во наставниот процес овозможува ученикот  активно да се вклучи и да учествува, да слуша, прибележува, да го повторува градивото,  да вежба одделни практични операции и активности, да ги откриваат законитостите, да поврзува, да ги применува стекнатите знаења, умеења и навики, да изработува домашни работи, да дискутира, опишува, раскажува и самостојно да  се образува.

Во рамките на својата раководна улога наставникот во наставниот процес врши најразлични непосредни активности; го планира, организира и реализира наставниот процес, притоа преку усно излагање, објаснување, демонстрирање, опишување, проверување и оценување на знаењата и умеењата  на учениците и слично ги остварува поставените општи и посебни цели на предметот хигиена. Во овој контекст тој го поттикнува когнитивното, психомоторното и ефективното однесување на учениците.

### 4.3. Организација и реализација  на наставниот предмет

Наставата по предметот хигиена треба да се реализира преку стручно - теоретска настава во училници и лаборатории каде покрај  теоретски предавања ќе се изведуваат вежби и практични операции. Со цел поуспешно

стекнување на знаења и умеења, посебно оние кои се однесуваат на психомоторичната и афективната компонента, при организацијата и реализацијата на наставата ќе се остварат одредени практични активности во угостителски објекти на соодветни претпријатија, како и конкретни демонстрации и вежби во кабинетите по готварство и послужување кои се однесуваат на одржувањето на хигиената во овие простории. Притоа, потребно е организирање на блок часови за вежби на учениците во група, индивидуално и во парови.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Содржините на предметот хигиена, кои покрај теоретскиот аспект имаат и практично значење кое се остварува преку реализација на одделни вежби и демонстрации. При реализацијата на наставниот процес терба да се користат најразновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, филмови, дијафилмови, апарати, прибор, микроскоп, графоскоп, санитетска опрема и материјал, апарати за прва помош, пишан материјал (учебници, стручна литература, весници, странски списанија, списанија за млади, прирачници, еколошка литература и написи) и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на знаењата и умеењата, односно способностите на учениците по предметот хигиена треба да се врши плански, систематски и перманентно во целиот тек на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку усни проверки, писмени задачи, проверки и оценување на домашни задачи, тестови на знаења, проверка на практичните способности при изработувањето на вежбите и преку изготвување на реферати и писмени извештаи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат обично со осум оценки, односно за секое тримесечје по две оценки, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно законската регулатива за средното образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1.Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет хигиена треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го знае македонскиот јазик, да нема говорни мани, да има соодветно стручно образование, да ја сака наставничката професија и да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- медицина
- фармација
- биологија
- стоматологија

со положен стручен испит и педагошко, психолошка, методска подготовка.

### 6.3.Стандард за простор

Соодветно за карактерот на наставните содржини и целите што треба да се постигнат преку овој предмет потребно е наставата да се реализира во лабараторија со сите придружни елементи:

- компјутер;
- графоскоп;
- микроскопи;
- видео и телевизор
- стручна литература

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 1999 година.

7.2. **Датум на превземање:** јули 2005 година

**7.2. Состав на работната група:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Киро Петров | раководител | Биро за развој на образованието | Скопје | советник |
| 2. | Д-р. Благоја Димовски | член | Здравствен дом | Скопје | директор |
| 3. | Д-р. Елизабета Ангелова | член | Министерство за наука | Скопје | помошник министер |
| 4. | Бистра Костадиновска | член | ДСУТУ ,,Лазар Танев,, | Скопје | наставник |

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1. 09. 2005 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***хигиена***, ја одобри министерот за образование и наука.